РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.32.УП.004.05

# УПАТСТВО
# ЗА ПОСТАПКА НА ПУШТАЊЕ ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ НА ПРАТКИ КОИ ГИ ПРЕВЕЗУВААТ БРЗИТЕ ПОШТИ

## Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 31.07.2017 | Прво издание | / | / |
| 02 | 12.09.2017 | Второ издание | изменета<br>дополнета | Т. 51<br>Т. 52 |
| 03 | 29.03.2018 | Трето издание | изменети и дополнети<br>изменета нумерација | Т. 2,3, 4, 5,47 и 50<br>од т. 7 до 44 |
| 04 | 19.02.2020 | Четврто издание | изменети<br>дополнети<br>бришана<br>изменета нумерација | Т.5, 23, 36, 51 и 52<br>Т. 2 и 9<br>Т. 47<br>од т. 48 до 52 |

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 05 | | Петто издание | изменети<br><br>бришани<br><br>нови<br><br>изменета нумерација | Т.12, 17,20, 23, 26,27,, 34, 39, 42 и 50<br><br>Т.25, 28, 29,30, 31,, 35,36 и 37.<br><br>Т. 5,6,27,30,31,32,33,34,35,36,37,38,39,40,41 и 42<br><br>Од 5 до 60 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Сл.весник на РМ" бр. 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15,129/15, 23/16, 120/18 и 248/18) директорот на Царинската управа, донесе

# УПАТСТВО
# ЗА ПОСТАПКАТА НА ПУШТАЊЕ ВО СЛОБОДЕН ПРОМЕТ НА ПРАТКИ КОИ ГИ ПРЕВЕЗУВААТ БРЗИТЕ ПОШТИ

## I. Општиодредби

1. Со ова Упатство се пропишува постапувањето со пратки кои пристигнуваат со брза пошта во воздушен сообраќај во рамките на редовните или поедноставените постапки.

2. Упатството соодветно се применува во случај на пратки кои пристигнуваат со брза пошта до дестинацијата на територијата на Република Северна Македонија во транзитна постапка по друмски сообраќај.

3. Ова упатство се применува за пратките кои ги превезуваат компании кои се регистрирани за превоз на поштенски пратки на кои Агенцијата за пошти им дала лиценца за давање на поштенски услуги, но истите не се даватели на универзална поштенска услуга.

4. Правната рамка со која се регулира ставањето на пратките во царинска постапка се спроведува согласно одредбите на:
   - Царинскиот закон со сите измени и дополнувања,
   - Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со сите измени и дополнувања (во понатамошен текст:УСЦЗ),
   - Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање на увозни давачки, односно стоки за кои е пропишано ослободување од плаќање царински давачки (во понатамошен текст: Уредба за ослободување),

- Законот за данокот на додадена вредност со сите измени и дополнувања,
- Законот за акцизите со сите измени и дополнувања,
- Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост со сите измени и дополнувања.[1]

5. Електронската декларација за пред пристигнување на пратки презувани со брзи пошти е задолжителна, додека хартиените декларации се применуваат само во случај на примена на резервна постапка.

6. Поднесувањето на декларација и извршувањето на формалностите во увозната постапка, задолжително се врши со употребата на техника за електронска обработка на податоци, при што своерачните потписи на економските оператори се заменуваат со дигитален потпис.[2]

7. Информациите пред пристигнување на пратките односно најавниот манифест, го доставуваат операторите на брзи пошти по електронски пат во модулот најмалку еден час пред пристигнување на транспортното средство. Најавниот манифест на царинските службеници им служи при проценката на ризикот пред донесување на одлука за вршење на контрола за бараната царинска постапка.

8. Царинскиот орган може да го определи сетот на податоци кој му служи за проценка на ризикот при определување на понатамошната постапка, согласно Упатството за вршење на селективни контроли во царинското работење[3].

---

[1]Законските и подзаконските акти со кои ова Упатство е поврзано се објавени во Депозитарот на документацијасогласно Процедурата за депозитар на документација

[2]За да можат економските оператори да поднесуваат увозни декларации и да ги извршуваат формалностите со користење на СОЦДАД мора да добијат одобрение за пристап до СОЦДАД, подетално опишано во Прирачникот за начинот, постапката и условите за издавање на одобрение за спроведување на формалности во царинската постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци и Процедура за издавање на одобрение за спроведување на формалности во царинската постапка со употреба на техника на електронска обработка на податоци.

[3]Упатство за вршење на селективни контроли во царинското работење како интерен акт е објавен во Депозитарот на документација согласно Процедурата за депозитар на документација во Царинската управа

9. Царинскиот орган може на барање на економските оператори да им одобри постапка за декларирање на брзите пратки во име и за сметка на друго лице. Одобрението ги содржи сите услови кои операторот треба да ги исполни.

## II. Основни поими и дефиниции

10. Оператор на брзи пошти (во натамошен текст: оператор) е трговско друштво кое е регистрирано и нуди услуги за брзи пошти и на кое Агенцијата за пошти му дала лиценца за давање на поштенски услуги.

11. Пратки по брза пошта се пратки кои преку услугата на операторот кој е регистриран за превоз на брзи пратки пристигнуваат и се испраќаат на/од царинското подрачје на/од Република Северна Македонија.

12. Застапник е лице кое е одговорно за спроведување на царинските формалности и кое има одобрение за вршење на работи на застапување во царински постапки, како и лице кое во име на операторот го доставува најавниот манифест на царинскиот орган.

13. Збирен авионски товарен лист (MAWB-master air waybill) е договор за превоз на збирни пратки по воздушен пат, кој гласи на име на авио компанијата или на агентот кој што го организира транспортот.

14. **Информација за пред-пристигнување** е најавен манифест добиена од операторот, односно информацијата за пред пристигнување на пратката ги содржи следните податоци: број на главен товарен лист, број на поединечни товарни листови, примач на стока, краток опис на стоката, број на колети, бруто маса, вредност на стока, земја испраќач и категоријата.

15. Збирен манифест за стока е листа на сите пратки кои се наоѓаат во воздухопловот во рамките на еден транспорт.

## III. Категоризација на пратки

16. Со цел побрзо завршување на царинската постапка, пратките кои пристигнуваат по брза пошта или се ставени во постапка на извоз можат да бидат поделени на следните категории и тоа:

- Пратки кои содржат документи и кореспонденција;(I категорија)
- Пратки со мала вредност кои се ослободени од плаќање на увозни давачки и ДДВ;(II категорија)
- Пратки со мала вредност кои се ослободени од плаќање на увозни давачки (III категорија) и
- Пратки со голема вредност (IV категорија)

## III.1. Пратки кои содржат документи и корesподенција

17. Оваа категорија на пратки ги опфаќа писма, кореспонденција, деловна документација, друга разна кореспонденција и документите кои немаат комерцијална вредност и кои не се предмет на плаќање на давачки. Терминот „кореcподенција"е ограничен на пишани пораки од едно лице на друго, поштенски картички и писма кои што содржат лични пораки. Терминот „документи" е ограничен на печатен материјал во некомерцијални количини.

18. Кореcподенцијата и документите кои се снимени на носачи на медиум не спаѓаат во оваа категорија. Оваа категорија ги исклучува било кои стоки кои се забранети или имаат ограничена употреба.

19. За пратките од точка 16 став 1 алинеја 1 од ова упатство наведени во најавниот манифест, царинскиот службеник при преглед на најавниот манифест, внимава на тежината, кој е примачот, дали адресата на примачот доколку е физичко лице се води како адреса на хотел, поштенски фах и сл., држава на испраќач односно дали е земја на листа на ризични земји и дали примачот е физичко лице, исто така внимава дали испраќачот е физичко лице и дали истиот е од земја на листа на ризични земји.

    Во случај да избере пратка за преглед, царинскиот службеник, ја менува категоријата на истата во трета.

20. Пратките од оваа категорија се пуштаат веднаш по пристигнување на авионот усно или писмено (збирен манифест, збирен авионски товарен лист или со ставање на увид на вреќи посебно наменети за транспорт на ваков вид документи и кореспонденција).

## III.2. Пратки со мала вредност пуштени во слободен промет со ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ

21. Оваа категорија ги опфаќа следниве пратки:
    - Печатен материјал наменет за широка дистрибуција увезен за некомерцијални цели,
    - Литература пишувана со Браилово писмо,
    - Пратки со мала вредност до 22 евра, кои не се предмет на наплата на увозни давачки и ДДВ,
    - Пратки кои содржат стока за која е предвидено ослободување од плаќање на увозни давачки опфатени со следните членови од Уредбата за ослободување: 4, 5, 9, 29, 31, 33, 34, 38, 66, 71, 78, 79, 84, 85 и од плаќање на ДДВ согласно членовите 27, 27а, 27б и 27вод Законот за ДДВ.

    Оваа категорија ги исклучува пратките кои се предмет на забрани и ограничувања.

22. Царинскиот службеник при вршење на контрола на овој вид пратки, треба да ги земе предвид ознаките на пратката, декларираната содржина и декларираната вредност. Пратките наведени во пододели III.1. и III.2 се пуштаат во слободен промет со испраќање на порака Ослободени стоки (TRM29)

23. При определувањето на царинската вредност, а со цел да се примени ослободување од плаќање на увозни давачки и ДДВ, трошоците за транспорт не се земаат предвид ако се прикажани одвоено од вредноста на стоката. Ако стоката е купена заедно со трошоците за транспорт, а истите не се одвоено прикажани во придружните документи, тогаш вкупниот износ ќе се смета за вредност на пратката.

24. Овие пратки царинскиот службеник може да ги отвори и прегледа во случаите кога постои основано сомневање дека содржат забранета стока или стока која подлежи на определено ограничување, или пак ако се сомнева дека истата е погрешно декларирана. Во сите други случаи овие пратки се пуштаат во слободен промет веднаш по пристигнувањето.

## III.3. Пратки со мала вредносткои се ослободени од плаќање на увозни давачки

25. Оваа категорија ги опфаќа пратките со вредност до 90 евра во денарска противвредност пропишана во Уредбата за ослободување, односно стоки за кои е пропишано ослободување од плаќање царински давачки, но се плаќа ДДВ.

26. Оваа категорија не ги опфаќа пратките за кои постои основано сомневање дека содржат забранета стока или стока која подлежи на определено ограничување.

27. Врз основа на резултатите од САР, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, или по претходно добиени насоки царинскиот службеник може да донесе одлука за контрола на стоката и/или документите врз основ на информации добиени пред пристигнување на пратките. За овие пратки може да спроведе постапка на царинење согласно Упатството за царинење на стоки со примена на усна декларација[4].За овие пратки операторот, врз основа на претходно добиено одобрение поднесува дополнителна декларација во рок од седум дена од денот на прием на истата.

28. При спроведување на постапката на царинење треба да се имаат предвид и случаите кога е потребно да се поднесе и електронска декларација како и да се применат мерките на трговска политика. Доколку царинскиот службеник утврди дека стоката за која што е поднесена усна декларација поради нејзиниот вид и количина укажува на примена во комерцијални цели спротивни на оние кои се пропишани со член 132 од УСЦЗ, или доколку не може со сигурност да утврди дека стоката е наменета за лична употреба, должен е да го упати подносителот на усната декларација за стоката да поднесе електронска декларација за увозна царинска постапка.

## III.4. Пратки со голема вредност

29. Оваа категорија ги опфаќа пратките кои не можат да се категоризираат во претходните три категории и вклучува пратки кои содржат стока која што е предмет на забрани и ограничувања. Овие пратки се царинат во редовна или поедноставена постапка со поднесување на царинска декларација во електронска форма.

## IV. Постапка на царинење и ослободување на пратките

30. Декларацијата за пред пристигнување се поднесува пред пристигнување на воздухопловот со кој се превезуваат пратките на брзите пошти од страна на операторот, со електронска порака (TRM15), но не помалку од еден час пред пристигнување на транспортното средство.

31. Доколку после подесената декларација (TRM15) апред пристигнувањето на воздухопловот се утврди дека одредена пратка не е пратена или пак постои пратка која не е опфатена во декларацијата, се врши измена на декларацијата поднесена пред пристигнување (TRM13A)

32. Со користење на техника за автоматска обработка на податоци, СОЦДАД ги проверува податоците од декларацијата и утврдува дали истите се во согласност со дефинираните барања и услови. Ако декларацијата енеисправна или непотполна, СОЦДАД автоматски ја одбива и го известува операторот за причините за одбивање на истата (TRM16).

33. Доколку декларацијата е во согласност со дефинираните правила и услови истата во СОЦДАД го добива статусот „Креиран AAR", системот автоматски генерира МРН број на декларацијата. Операторот се известува дека декларацијата е прифатена(TRM28).

34. Врз основа на резултатите од САР, како и од специфичноста на случајот и одредени сознанија, или по претходно добиени насоки царинскиот службеник може да донесе одлука кои од пратките ќе бидат за контрола по пристигнување на водухопловот.

35. Имено, во овој статус, царинскиот службенк со измена на декларацијаможе да ја смени категоризацијата на пратки, за што операторот се известува со пораката TR004. Операторот може исто така да поднесе барање за измена и самиот да изврши промена на категоризација во случај даима сознанија дека определена пратка има поголема вредност или пак има соменвања и смета дека треба да се прегледа од страна на царинскиот службеник пред поднесувањето на „известување за пристигнување".

36. Во случаите кога пратките се превезуваат по друмски сообраќај операторот на царинскиот орган постапува на ист начин како што е наведено во точките 30 од ова Упаството.

37. По пристигање на авионот/пратката, операторот испраќа известување за пристигнување на авионот (TRM07) по што статусот на декларацијата се менува во Прифатено пристигнување.

38. Доколку царинскиот службеник донесе одлука за контрола статусот на декларацијата се менува во „Под контрола", по што царинскиот службеник може да пристапи кон контрола.

39. Во случај царинскиот службеник да донесе одлука да не врши контрола на стока или изврши контрола при која контрола не се утврдени неправилности се внесува шифрата А1 - Без неправилности во СОЦДАД, по што стоката се ослободува, а статусот на декларацијата се менува во „Ослободени стоки" (ТРМ29)

40. При контрола, царинскиот службеник може да утврди мали неправилности А-4 кои се евидентираат во системот, по што статусот на декларацијата се менува во „Во очекувања на несогласувања/разлики". Царинскиот службеник во „Дејства" ја одбира акцијата „Измени" по што ја менува категоријата, царинската вредност и тежината на стоката.

41. Со избирање на опцијата измени, царинскиот службеник ги менува податоците за кои се утврдени неправилности, по што ја ослободува стоката.

42. Збирната декларација се изготвува врз основа на **Информацијата за пред-пристигнување,** во која веќе се префрлени податоците за:
   - Пратки со мала вредност кои се ослободени од плаќање на увозни давачки и
   - Пратки со голема вредност.

43. Постапката на деконсолидација односно поделба по категории на пратките може да се спроведе во просторија за привремено чување на операторот со аеродромот или во просториите кај операторот за брзи пратки доколку е

имател на одобрение за царински склад или просторија за привремено чување.

44. Доколку операторот бара спроведување на постапката на категоризирање на пратки да се изврши во неговите простории, односно одобрена просторија за привремено чување, тоа претходно треба да биде одобрено од царинскиот орган. Во вакви случаи пренесувањето може да биде во рамките на транзитна постапка или пренесување од еден на друг имател на одобрение за привремно чување. Истото се спроведува со примена на мерките за обезбедување на царински надзор и примена на мерките на трговска политика.

45. По пристигање на воздухопловот со кој биле пренесувани пратките за операторите, се поднесува збирна декларација од страна на имателот на одобрение на просторија за привремено чување. Во збирната декларација се опфатени стоките од III-та и IV-та категорија како и стоките од I-ва и II-ра категорија кои биле селектирани и при преглед е утврдено дека се од III-та и IV-та категорија.

46. Операторот во збирната декларација ги евидентира и сите оние пратки кои пристигнале, но не биле на најавниот манифест ниту се опфатени во предходно извршена измена.

47. Царинскиот службеник врз основа на селективност може да врши контрола на пратките од точка 16 став 1 алинеја 3 од ова упатство наведени во најавниот манифест. Доколку при контрола е утврдено дека фактичката состојба не одговара на податоците во најавниот манифест и на останатите приложени документи сочинува записник од извршена контрола врз основа на кој ќе изврши соодветна измена на податоци во прифатената збирна декларација. Пратките од третата категорија на кои не се врши преглед врз основа на направената анализа на ризик се пуштаат во слободен промет со примена на Упатството за примена на усна декларација[4] или, доколку операторот е имател на одобрение за поедноставена постапка, веднаш откако операторот стоката ќе ја запише во својата евиденција во форма и начин пропишан од царинскиот орган во Одобрението.

[4] Упатството за примена на усна декларација како интерен акт е објавено во Депозитарот на документација согласно Процедурата за депозитар на документација во Царинската управа

48. За стоките од од точка 16 став 1 алинеја 4 од ова упатство наведени во најавниот манифест се спроведува редовна царинска постапка.

49. Пратките кои ги исполнуваат условите за ослободување, царинскиот орган веднаш ги пушта во слободен промет со ослободување од обврската за плаќање на увозни давачки врз основа на Уредбата за ослободување и Законот за данок на додадена вредност.

50. Сместувањето на стоката во простории за привремно чување или царински склад и понатамошните царински постапки ќе се применуваат согласно: Упатството за постапка на царинење на стока, Упатството за царински складови и Упатство за транзитна постапка[5].

## V. Место на пуштање на пратките во слободен промет

51. Надлежниот царински орган го определува местото каде што ќе врши контролата на пратките. Операторот, земајќи ги предвид наодите на царинскиот службеник ја класифицира стоката, а царинскиот службеник ја врши контролата на одреденото место. Претставник на операторот ја отвара пратката во присуство на царински службеник.

52. Операторите се должни на царинскиот орган да му обезбедат место во нивните простории каде што ќе може да биде извршена потребната контрола.

## VI. Завршни одредби

53. Ова Упатство го применуваат царинските службеници од царинските испостави.

54. Помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците се надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство.

[5]Упатството за царинење на стоки, Упатството за царинско складирање и Упатство за транзитна постапкакако интерни акти се објавени во Депозитарот на документација согласно Процедурата за депозитар на документација во Царинската управа

55. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова Упатство може давршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на своите надлежности.

56. Сите непосредни раководители се должни со ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

57. Секое постапување спротивно на ова упатство повлекува дисциплинска одговорност.

58. Ова Упатство се објавува на интранет страната на Царинска управа, во важечки упатства во ЕДМС и во Депозитарот на документација на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

59. Со донесувањето на ова Упатство престанува да важи Упатството за постапка на пуштање во слободен промет на пратки кои ги превезуваат брзите пошти број 01-058663/17-0003 од 19.02.2020 година.

60. Ова упатство стапува на сила со денот на негово неговото донесување.

Директор
м-р Гоко Танасоски

Бр. 01-058663/17-0004
Скопје, 17.07.2020 година

17 07 2020

Изработил: Златко Попоски
Одобрил: Офелија Бајо
Согласен: Златко Ветеровски

| | |
|---|---|
| Упатството го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за : | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |